НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА
БИТОЛА

ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ

# СЕМИНАР

## за традиционална музика и игра

## Зборник на трудови
## III

Битола, 2011

**М-р Владимир Јаневски**
**УГД, ФМУ Штип - Оддел за етнокореологија**

# ТЕХНИКИ И МЕТОДИ ПРИ ЕТНОКОРЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

Потребата од етнокореолошки истражувања се појавува уште кон крајот на XIX век.[1] Авторот Тихомир Ѓорѓевиќ уште во тој период наговестува дека некои играорни културни појави се на изумирање и укажува на потребата дека тие сегменти од културното живеење треба да се соберат, класифицираат и технички обрработат. Во делото на авторот Ѓорѓевиќ за прв пат се прави и класификацијата на народните ора, со тоа што таа класификација се движи во духот на европските истражувачи и автори, а класификациите ги вршат врз база на нивните тематски проблематики и традиции. Потребата од теренски истражувања ја оправдуваат и авторите Јанковиќ кои во раните години од XX век наговестуваат за губењето на традиционалните вредности и потребата да се собира и анализира оваа културна појава.[2]

Во македонската етнокореолошка наука не се создала база врз која можело да се истражува и анализира, поголем број на автори истражувањата ги вршеле со помош на интуитивна поткрепа или употребувајки техники од други научни дисциплини. Современиот начин на живеење и творење овозможува полесен пристап и начин на етнокореолошки истражувања, но проблемот е се поголем во поглед на загубата на традиционалните појави кои се напластувале низ поголем број на векови и различни културни периоди. Оттука е се поголемата потреба да се направи рамка за прибирање, анализирање и систематско усогласување на етнокореолошките материјали. При истражувањата, а посебно при анализата на теренските материјали се користат повеќе методи кои се во согласнот со темите и проблематиките што се разработуваат а воедно се предмет на истражувањето.[3] Така, што еден од најприфатените методи во етнокореолошките истражувања е дескриптивниот метод кој овозможува создавање основа од емпириски податоци собрани од теренските истражувања кои се однесуваат на конкретни примери од знаењата на луѓето за поедини типови народни игри што се уште може да се најдат во македонските села и градови. Исто така, значајно место завзема и културно – историскиот метод со цел да се стекне увид во тоа како одредени игри или форми на игри егзистирале

1 Ђорђевић, Тихомир, Наш народни живот, књига 4, Просвета, Београд 1984. (фототипно издание)

2 Јанковић, Љубица и Даница, Народне игре, књига I, Београд 1934; Јанковић, Љубица и Даница, Народне игре, књига III, Београд 1939; Јанковић, Љубица и Даница, Народне игре, књига IV, Београд 1948.

3 Barjaktarovic Mirko, Osnovi opste etnologije, Beograd 1977, стр. 13-20; Milic Vojin, Socioloski metod, Beograd 1965

во минатото и што е она што од нив е останато денес, а секако и тоа што е причина за нивното исчезнување или менување. Покрај овие, методи од голема важност е и функционалниот метод кој има за задача да даде одредени објаснувања за функцијата на поедини народни ора кои што се практикувале, независно од тоа дали се играле за време на некои собори или за време на некои обредни активности. Примена во етнокореолошките истражувања има и компаративниот метод преку кој меѓусебно се согледуваат и споредуваат играорните појави, играчките обрасци на народните ора, односно нивната база, нивниот термин или наслов, како и нивната метроритмичка структура и функција.

Во досегашните истражувања и анализи, најголема примена има методот на дескрипција кој е е добро познат кај многу врвни истражувачи од областа на етнокореологијата.[4] Авторите Дунин и Вишински го користат дескриптивниот метод а воедно работат и на културно - историскиот метод, односно преку опишување на ората и развој на Ансамблот Танец тие ги користат овие два метода како основа во нивното дело.

Најдобар пример за компаративниот и функционалниот метод може да се согледа кај авторите Јанковиќ[5] кои во неколкуте изданија за традиционалните игри, покрај дескрипцијата на ората тие прават и компаративна анализа на ората а воедно ја опишуваат нивната функција. Функционалниот метод најдобро може да се согледа кај обредните игри, односно пример за функцијата на обредот Додоле е измолување на дожд во летниот сушен период или пример за игрите на Русалиите е благосостојбата и исцелувањето на болните луѓе, функцијата на обредните игри исто така може да се согледа и кај свадбените игри, посебно кај: свекрвиното, нунковото, невестинското, манукот, заигрување на венецот итн.

Во етнокореолошките, антрополошките и етнолошки истражувања посебно е значајно изворот на податоци, односно базата на информации која треба да се собере. Како што е познато изворите се делат на четири групи. Во првата група се материјалните сведоштва како, објекти, покуќнина, транспортни средства, облека итн. Во втората група спаѓаат пишаните извори и тоа со две подгрупи; првата подгргрупа ја сочинуваат пишаните документи кои се настанати како процес на некоја групна работа и втората подгрупа ја чинат пишаните извори како научна литература, книжевност, печат итн. Третата група ја сочинуваат ликовните извори, додека пак четвртата, која истовремено е и со најмлад датум се звучните извори, музика, филмувани ленти сл.

---

4 Дунин Иванчиќ, Елзи – Вишински Станимир, Ората во Македонија, сценски дел, Танец, Скопје 1995; Димовски, Михаило, Македонски народни ора, Од репертоарот на Ансмблот за народни игри ипесни Танец, Институт за фолклор, книга 2, Скопје 1977 год.

5 Јанковић, Љубица и Даница, Народне игре, књига I...;
Јанковић, Љубица и Даница, Народне игре, књига III...;
Јанковић, Љубица и Даница, Народне игре, књига IV...

Податоци за историските извори, односно филмуваните историски извори, кои во почетокот на XX век се појавиле од страна на Милтон и Јанаки Манаки[6] го отсликуваат периодот во кој што се уште насекаде во Македонија можеле да се сретнат играчките репертоари што ги имале поеднини етнички групи. Ликовните извори односно фреските кои датираат од периодот на X и XIV век ни даваат најрани податоци за играта во ранотохристијанство, најчесто на овие фрески се прикажани светци фатени за раце во форма на круг и во играорен став.[7] Пишаните извори главно се литературата која се појавила кон крајот на XIX век каде за прв пат се спомнуваат традиционалните игри и хронолопшки можат да се следат процесите на трансформација, но и губење на поедини игри и играчки обрасци се до осудесетите години од XX век.

Авторот Ѓорѓевиќ уште кон крајот на XIX и почетокот на XX век во својата статија за народните ора направил прашалник за истражувачите и собирачите на оваа културна појава. Тој во ова дело направил прашалник составен од 119 прашања кои ќе послужат да се соберат и анализираат народните ора со сите свои карактеристики и процеси на развивање.[8] Со сличен ваков прашалник се послужиле и авторите Дунин и Вишински, поточно пред да бидат извршени истражувањата тие подготвиле прашалник за групите, ансамблите и поединците.[9] За подобар и полесен приод на теренските истражувања во темата ке бидат дадени Теми и водич за етнокореолошко теренско истражување. Со овој пример собирачите и истражувачите ќе можат да ги следат овие културни појави но и да ги следат идејните решенија кои можат да ги добиваат при теренските истражувања.

Теми и водич за етнокореолошко теренско истражување:

- социјални аспекти
- место и простор за играње
- амфитеатралност на собирот за играње
- почетоци за игра
- терминологија на орската традиција
- методски аспекти (локална терминологија)
- антропологија на играорци
- перидизација на ората
- верувања и толкувања
- опстојување на орската традиција
- новини во репертоарската традиција
- репертоар

---

6 Каталог на националниот филмски фонд 1905 – 2000, Кинотека на Македонија, Скопје 2001 стр. 17

7 Младеновић, Оливера, Коло у Јужних Словена, Београд 1973

8 Ђорђевић, Тихомир, Наш народни...

9 Дунин Иванчиќ, Елзи – Вишински Станимир, Ората во Македонија... стр.27.

- обредни игри
- маскирани поворки
- женски поворки
- свадбен циклус
- празници
- основање на ансамбли
- инструментална придружба
- регионална поставеност
- миграции и движења
- инструменти
- вокална традиција
- народна носија
- играта со траурни обележја
- ороводни песни
- техники на игра
- техника на држење на рацете
- емотивни сегменти на соговорниците
- жената во орската традиција
- мажот во орската традиција
- реквизити при играње
- едукации на населението
- неталентираност
- етничка поставеност
- супериорност во играта
- ора без музичка придружба

За да се реализираат етнокореолошките истражувања потребни се техники кои овозможуваат пристап и реализација на одредените теми, најчесто тоа се вербални контакти со соговорниците кои можат да бидат:

- слободно / неформално интервју;
- набљудување со учество;
- податоци за невербално однесување;
- диригирано интервју со подготвени истражувачки прашања.

Информациите кои се добиваат од теренот мораат да се евидентираат и систематизираат, кои покасно ќе служат за анализа или база на податоци со етнокореолошка содржина. Основните податоци при евидентирањето на етнокореолошки материјали ќе бидат приложени во понатамошниот текст, каде што ќе биде даден и пример на етнокореолошко евеидентирање.

Систематски собраните материјали, служат за анализи во научните кругови, кои преку презентација и објавување на трудови со пропишани стандарди и норми на објавување, стануваат релевантен фактор во

стручнонаучната и уметничката област.[10] Теренските материјали исто така се од голема полза за поставување на сценските адаптации кои се во широка примена кај ансамблите за традиционална музика и игра. Вака професионалниот пристап кај истражувачите ќе ни овозможи зачувување на традиционалните вредности и националното богатсво од овој тип.

Потребни информации за етнокореолошко евидентирање:
- назив на орото:
- играорно подрачје:
- етнички предел:
- извори:
- информатори:
- опис на орото:
- играчи:
- облик и форма:
- држење на рацете:
- карактер:
- потекло:
- музичка придружба:
- метроритмичка структура:
- мелографски запис:
- кинетографски запис:
- содржина на играчкиот образец:



Пример за етнокореолошко евидентирање:
- назив на орото: Потрчано
- играорно подрачје: Северно
- етнички предел: Скопска Блатија

- Извори: Јанковић Љубица и Даница, Народне игре, књига III, Београд, 1939; Иванчиќ, Дунин; Елзи – Вишински Станимир, Ората во Македонија, сценски дел, Танец, Скопје 1995; Димовски Михаило, Македонски народни ора, Од репертоарот на Ансмблот за народни игри

10 Шобајић Драган, Како се пише стручни рад, Приручник за студенте уметничких факултета и академија, Београд 2007.

ипесни Танец, Институт за фолклор, книга 2, Скопје, 1977.

- Информатори: Ивановски Санде од село Бардовци, роден 1929 год.; Крстевски Стоило од село Говрлево, роден 1946 год.; Мирчевски Слободан од село Оризари, роден 1938 год.
- Опис на орото: во почетокот се игра со мирни потскоци, најдобро тоа се приметува во женското играње, додека кај мажите образецот е крупен и со многу индивидуални украси.
- Играчи: мажи и жени
- Облик и форма: се игра во отворен круг, орото при играњето се движи во десно.
- Држење на рацете: во минатото најраспостранета форма била држење преку некаков текстилен предмет како крпа или монистрен украс ќостек или змија. Мажите се држат за раце слободно пуштени надолу. Во текот на играњето ороводецот може да отстапи од играта и да изведува индивидуална игра.
- Карактер: соборско оро.
- Потекло: според истражувањата и литературните извори орото се води како автохтоно оро за овој предел. Името го добило според првиот чекор во образецот а тоа во локалната терминологија е со потрчување.
- Музичка придружба: во подалечното минато на гајда, доколку е мал соборот може да се игра и на дудук, подоцна на пар зурли и тапан.
- Метроритмичка структура: 7/8 (3+2+2)
- Мелографски запис: мелодиската линија одговара на примерите од Скопска Блатија и Скопска Црна Гора.



- Кинетографски запис: во примерот е прикажана играчката база на образецот, без да бидат опфатени разни варијанти на украси.



- Содржина на играчкиот образец: две чекорења на лева нога, два трочекора, префрлање на тежината на десна нога, потоа на левата и

пак на десната, потоа две чекорења на левата нога и три префрлања на тежината на лева, десна и лева нога.

Користена литература:


1. Barjaktarovic Mirko, *Osnovi opste etnologije*, Beograd 1977.
2. Димовски Михаило, Македонски народни ора, Од репертоарот на Ансмблот за народни игри и песни Танец, Институт за фолклор, книга 2, Скопје 1977.
3. Дунин Иванчиќ, Елзи – Вишински Станимир,Ората во Македонија, сценски дел, Танец, Скопје 1995.
4. Јанковић Љубица и Даница, Народне игре, књига I, Београд 1934.
5. Јанковић Љубица и Даница, Народне игре, књига III, Београд 1939.
6. Јанковић Љубица и Даница, Народне игре, књига IV, Београд 1948.
7. Каталог на националниот филмски фонд 1905 – 2000, Кинотека на Македонија, Скопје 2001.
8. Milic Vojin, *Socioloski metod*, Beograd 1965.
9. Младеновић Оливера, Коло у Јужних Словена, Београд 1973.
10. Ђорђевић Тихомир, Наш народни живот, књига 4, Просвета, Београд 1984. (фототипно издание)
11. Шобајић Драган, Како се пише стручни рад, Приручник за студенте уметничких факултета и академија, Београд 2007.